РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ" - СКОПЈЕ
ФАКУЛТЕТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА СКОПЈЕ

REPUBLIC OF MACEDONIA
UNIVERSITY "Ss. CYRIL AND METHODIUS" SKOPJE
FACULTY OF VETERINARY MEDICINE SKOPJE

Број 0201 –3549/3
11.12.2014 година

Врз основа на член 59 од Правилникот за критериумите и постапката за избор на наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања – пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 250/13) и член 41, став 1, алинеја 8 од Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје – пречистен текст (Универзитетски гласник бр. 269 од 18 ноември 2013 година), Наставно - научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 11.12.2014 година ја донесе следната

О Д Л У К А

1. ***Д-р Билјана Стојановска – Димзоска*** се избра во научното звање ***Научен соработник*** во научната област *Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло* на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, согласно рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 1086 од 15 октомври 2014 година, стр. 136-161).
2. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

На конкурсот објавен во весниците „Нова Македонија" од 1.07.2014 година и „Коха" од 24.06.2014 година за избор на еден *Истражувач* во сите научни звања во научната област *Хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло,* се пријави само кандидатот д-р Билјана Стојановска - Димзоска, асистент-истражувач на ФВМС, која во целост ги исполнува условите утврдени во конкурсот, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

Наставно-научниот совет на Факултетот врз основа на горе изнесеното одлучи како во диспозитивот на одлуката.

Доставено до:

1. Именуваната
2. Сметководство
3. Архива

Декан,

Проф. Д-р Дине Митров

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ



Б И Л Т Е Н

НА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“
ВО СКОПЈЕ

Број 1086
Скопје, 15 октомври 2014 година

Издание на Универзитетот „Св Кирил и Методиј“ во Скопје

ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИН

Уредник: Томислав БАШЕВСКИ

Лектор: Весна Илиевска-Цветановска

Р Е Ф Е Р А Т
ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН ИСТРАЖУВАЧ ВО СИТЕ НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ ХИГИЕНА И ТЕХНОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДИ И СУРОВИНИ ОД ЖИВОТИНСКО ПОТЕКЛО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, на седницата одржана на 25 август 2014 година, донесе Одлука бр. 0201-2051/5 од 25 август 2014, со која е формирана Рецензентска комисија во состав:

1. д-р Деан Јанкулоски, доцент на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
2. д-р Зехра Хајрулаи-Муслиу, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје
3. д-р Павле Секуловски, вонреден професор на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје,

со задача да напишат реферат за избор на еден истражувач во сите научни звања од научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, за кандидатката д-р Билјана Стојановска-Димзоска, асистент-истражувач на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Откако ја прегледа доставената документација, Комисијата до Наставно-научниот совет на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје го поднесува следниов

И З В Е Ш Т А Ј

На конкурсот за избор на истражувач во сите научни звања од научната област хигиена и технологија на производи и суровини од животинско потекло, објавен во дневните весници "Нова Македонија" со број 23.213, година LXIX од 1 јули 2014 година и "Koha" од 24 јуни 2014 година, се пријави единствено д-р Билјана Стојановска-Димзоска, вработена како асистент-истражувач на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје. Пријавената кандидатка ги има приложено потребните документи со кои ги исполнува сите услови предвидени со Законот за високото образование и објавениот конкурс.

1. Биографски податоци за кандидатката

Билјана Стојановска-Димзоска е родена на 6.4.1974 година во Битола. Основното и средното образование ги завршила во Скопје со континуиран одличен успех. На Фармацевтскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 1992/93 година, а дипломирала во 1998 година. Сите предвидени испити ги положила во предвидениот рок со средна оценка 8,51. Во декември 1999 година го положила и државниот испит со што се стекнала со лиценца за работа. Од 1998 година вработена е во Ветеринарниот институт во Скопје како истражувач, најпрво во Лабораторијата за контрола на ветеринарни лекови, потоа во Одделението за контрола на квалитетот на добиточната храна и во Одделението за контрола на прехранбени производи. Од 2004 година работи во Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје, во Лабораторијата за

контрола на резидуи и контаминенти, на работното место аналитичар за течна хроматографија.

На 3 октомври 2006 година е избрана во звањето помлад асистент-истражувач од областа на безбедноста на храната (Одлука на ННС бр. 0201-3774/5), согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 901 од 14 јули 2006 година.

На 16 март 2009 година е избрана во звањето асистент-истражувач од областа на безбедноста на храната (Одлука на ННС бр. 0201-1027/4), согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 958 од 16 февруари 2009 година.

На 1 октомври 2012 година е избрана во звањето асистент-истражувач од областа на безбедноста на храната (Одлука на ННС бр. 0201-2903/4), согласно со рефератот за избор објавен во Билтенот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје со бр. 1037 од 31 август 2012 година.

На постдипломски студии од областа на аналитиката на лекови на Фармацевтскиот факултет во Скопје се запишала во учебната 2001/02 година. Сите предвидени испити ги положила во предвидениот рок со средна оценка 9,44. На 10.10.2008 година успешно го одбранила својот магистерски труд под наслов "Примена на HPLC-FD метод за определување на охратоксин А во вината на Република Македонија", со што се стекнала со звањето магистер на фармацевтски науки.

На 4.10.2013 година успешно ја одбранила својата докторска дисертација под наслов "Вкупни афлатоксини, охратоксин А и зеараленон како природни контаминенти присутни во житарките и добиточната храна во Република Македонија", со што се здобила со научниот степен доктор на науки од областа на ветеринарната медицина.

Д-р Билјана Стојановска-Димзоска во моментов е во редовен работен однос како асистент-истражувач на Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

2. Стручни усовршувања

Д-р Билјана Стојановска-Димзоска, во октомври 1999 година присуствувала на Вториот конгрес на фармацевтите на Република Македонија, одржан во Струга, Македонија.

Во период од 8 до 9 февруари 2005 година учествувала на семинар за микотоксини, организиран од страна на Romer Lab, Austria, во Палиќ, Србија.

На 7 април 2005 година учествувала на работилницата за улогата на лабораториите при службената контрола на прехранбените производи и акредитација во согласност со ISO 17025, како дел од политиката на безбедност на храна и развој на програмата EU CARDS – EAP, одржана во Скопје, Македонија.

Од 22 до 22 мај 2005 година зела активно учество на Првиот научен собир за микологија, микотоксикологија и микози во Нови Сад, Србија.

На 10 ноември 2005 година учествувала во работилница за лабораториски прашања како дел од проектот „Зајакнување на управувањето со животната средина", финансиран и раководен од Европската агенција за реконструкција, одржан во Скопје, Македонија.

На 15 и 16 ноември 2005 година зела учество на семинарот за обука за мерна неодреденост како дел од проектот SMAQVa, финансиран и раководен од Европската агенција за реконструкција во Скопје, Македонија.

На 15 декеври 2005 година зела учество на работниот семинар организиран од Agilent Technologies во Скопје, Македонија.

Во период од 5 до 7 февруари 2006 година учествувала на работилница организирана од TrainMic (Training in metrology in chemistry) за земјите од западен Балкан, во Марибор, Словенија.

На 29 март 2006 година присуствувала на работилница за обука на лица кои работат во лабораторија организирана од Управата за ветеринарство при Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ, во Скопје, Македонија.

Од 8 до 12 мај 2006 година остварува работна посета на Научниот институт за ветеринарство во Нови Сад, Србија, за обука за определување на микотоксини со HPLC-FD-метод.

Во периодот од 24 до 29 септември 2006 година остварила посета на Ветеринарниот факултет во Љубљана, Словенија, заради усовршување на методите за определување на микотоксини.

Од 2 до 6 октомври 2006 година успешно го завршила курсот за обука "Detection techniques for mycotoxins and toxigenic fungi in food chain", како дел од MYCO-GLOBE (Research for food safety in global system) во Бари, Италија.

Од 22 до 23 март 2007 година учествувала на работилницата организирана од Европската референтна лабораторија (EURL) за микотоксини, во Гил, Белгија.

Во периодот од 21 до 25 мај 2007 година учествувала на XII IUPAC-интернационален конгрес за микотоксини во Истанбул, Турција.

Од 26 до 30 септември 2007 година, во рамките на IV конгрес на фармацевтите на Р. Македонија, учествувала на работилница организирана од Agilent Technologies, во Охрид, Македонија.

На 29 јануари 2009 година учествувала на работилницата организирана од страна на Merck Service, во Белград, Србија.

Во периодот од 18 до 20 октомври 2009 година учествувала на работилница "Srategic orientation round of food science research potential in Macedonia", како дел од FP-7-рамковната програма, одржана во Охрид, Македонија.

Од 27 до 27 април 2012 година учествувала на работилницата организирана од Европската референтна лабораторија (EURL) за микотоксини, во Гил, Белгија.

Во периодот од 7 до 9 мај 2012 година присуствувала на работилница "Expert mission on control plan for chemical and microbiological contaminants", одржана во Скопје, Македонија.

На 7 октомври 2012 година присуствувала на еднодневен семинар организиран од Merck Millipore, во Скопје, Македонија.

На 19 февруари 2013 година присуствувала на иницијалниот состанок на проектот "Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност со акционен план и изработка на петтиот национален извештај кон конвенцијата за биолошка разновидност", организиран од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање, во Скопје, Македонија.

Од 29 до 31 јануари 2014 година зела учество на "Analysts Workshop Mycotoxins", во Дармштад, Германија.

Во периодот од 28 до 30 април 2014 година зела учество на "International VETistanbul group congress", во Истанбул, Турција.

Од 16 до 18 јуни 2014 година учествува на работилницата организирана од Европската референтна лабораторија за резидуи од ветеринарни лекови (BVL) во Берлин, Германија.

3. Научноистражувачка дејност

Д-р Билјана Стојановска-Димзоска активно учествува во научноистражувачката дејност. Таа активност е изразена со учество на еден национален научноистражувачки проект, "Промени во нутритивната вредност на млекото во зависност од лактацијата" (од 1 јуни 2011 до 1 јуни 2012 година).

Научната и стручната дејност кандидатката д-р Билјана Стојановска-Димзоска ја извршува во Лабораторијата за резидуи и контаминенти на Институтот за храна при Факултетот за ветеринарна медицина во Скопје.

Во досегашната научноистражувачка работа, кандидатката д-р Билјана Стојановска-Димзоска има објавено, самостојно или во соработка, 60 труда, од кои 31 се рецензирани во билтените на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 901 од 14 јули 2006 година, бр. 958 од 16 февруари 2009 година и бр. 1037 од 31 август 2012 година).

За овој избор, кандидатката ги има доставено следниве трудови за рецензирање:

32. Todorovic Aleksandra, Sekulovski Pavle, Hajrulai-Musliu Zehra, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, **Stojanovska-Dimzoska Biljana** (2012) Differences in activity levels of ^{137}Cs in mushrooms in eastern and western Macedonia. The First International Conference on Radiation and Dosimetry in Various Fields of Research, april 25-27, Nis, Serbia. Proceedings, p.333-335.

Целта на овој труд е да утврди разликата во активноста на ^{137}Cs кај печурки собрани од западна и источна Македонија. За таа цел, собрани се 120 примероци и сите се анализирани со гама-спектрометар за утврдување на нивото на ^{137}Cs во нив. Утврдена е разлика во однос на местото на собирање, но ниеден од испитуваните примероци не го надминува максималното дозволено ниво пропишано со правилникот.

33. E. Dimitrieska-Stojkovic, Z. Hajrulai-Musliu, **B. Stojanovska-Dimzoska**, P. Sekulovski (2012) Screening and confirmation for residues of sulfonamides in raw milk samples from Republic of Macedonia. Coference on Residues of Veterinary Drugs in Food, 14-16 May, Egmond aan Zee, The Netherlands. Proceedings, p. 323-328.

Во период од 3 години 1233 примероци на млеко се анализирани на присуство на сулфонамиди со ELISA-метод кој што е валидиран во согласност

со Одлуката 2002/657/ЕС. Од нив, 16 примероци беа сомнителни и затоа беа подложени на понатамошна конфирмација со HPLC-FD метод. Кај 12 примероци е потврдено присуството на сулфонамиди. Три вида на сулфонамиди беа потврдени: сулфадимидин, сулфадиазин и сулфисокзазол. Нивниот идентитет дополнително беше потврден со LC-ESI-MS ion trap детектор.

34. Hajrulai-Musliu Zehra, Uzunov Risto, Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, **Stojanovska-Dimzoska Biljana,** Sekulovski Pavle, Stojkovski velimir, Todorovic Aleksandra (2012) Determination of zeranol residues levels in bovine urine with ELISA method. Days of veterinary medicine, 2-4 September 2012, Ohrid, R. Macedonia. Proceedings, p. 123-126.

Зеранолот, синтетички дериват на зеараленонот се користи како анаболичка супстанција кај овците и говедата за зголемување на растот. Неговата употреба е забранета во ЕУ. Во овој труд, разработен е ELISA-метод за определување на зеранол во урина на говеда. LOD изнесува 0,22 ng/ml. Вкупниот аналитички принос се движи во граници 92,3 – 97,9%, а CV 2,4 – 5,6%. Вкупно 87 примероци на говедска урина како дел од националниот маониторинг план беа анализирани на присуство на зеараленон и кај сите беше утврдено значително пониско ниво од MRPL.

35. Uzunov Risto, Hajrulai-Musliu Zehra, Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, **Stojanovska-Dimzoska Biljana,** Sekulovski Pavle, Stojkovski velimir, Todorovic Aleksandra (2012) Determination of trenbolone in cattle meat with ELISA method. Days of veterinary medicine, 2-4 September 2012, Ohrid, R. Macedonia. Proceedings, p. 127-131.

Тренболонот (синтетички дериват на тестостеронот), исто како и другите хормони, илегално се користи во одгледувањето на добитокот заради зголемување на масата, подобрување на ефектот на искористување на храната и намалување на масното ткиво. Вкупно 82 примероци на говедско месо беа анализирани со ELISA-метод заради утврдување на присуство на тренболон во нив. LOD изнесува 91,5 ppt. Вкупниот аналитички принос се движи во граници од 83,7 – 99,6%, а CV од 4,1 – 8,2%. Вкупната експериментално определена вредност на тренболонот во месо беше 152,2 ppt, што укажува на фактот дека нема нелегална употреба на тренболон.

36. Todorovic Aleksandra, Sekulovski Pavle, Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, Hajrulai-Musliu Zehra, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Uzunov Risto (2012) Estimation of time of semi-decay of ^{137}Cs in mishrooms. Days of veterinary medicine, 2-4 September 2012, Ohrid, R. Macedonia. Proceedings, p. 132-135.

Целта на овој труд е да се одреди времето на полураспад на ^{137}Cs, т.е. да се процени разликата меѓу измереното и проценетото време на полураспад на овој радионуклид. Испитани се 5 вида на печурки со по 12 примероци од секој вид.

Утврдена е разлика меѓу измереното и проценетото време на полураспад на ^{37}Cs.

37. **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Hajrulai-Musliu Zehra, Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, Uzunov Risto, Todorovic Aleksandra, Sekulovski Pavle (2012) Fluorometric validation procedure for determination of ochratoxin A in wine. Days of veterinary medicine, 2-4 September 2012, Ohrid, R. Macedonia. Proceedings, p. 136-142.

Целта на овој труд е да изврши валидација на флуорометриски метод за определување на охратоксин А во вино со претходно прочистување на примероците низ имуноафинитетни колони. Методот е линеарен, со добар коефициент на корелација (0,9814). LOD изнесува 0,199 ng/ml, што е задоволително. Методот не е прецизен, посебно на повисоко концентрациско ниво (1,0 ng/ml). Иако постои ограничување за користење на овој метод (посебно кај црвените вина заради бојата), сепак тој може да се користи како скрининг-метод за проценка на контаминацијата на вино со охратоксин А.

38. Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Hajrulai-Musliu Zehra, Stojkovic Goran, Prodanov Risto (2012) Occurrence of residues of tetracyclines in raw ewe's milk. Days of veterinary medicine, 2-4 September 2012, Ohrid, R. Macedonia. Proceedings, p. 149-153.

Тетрациклините како антимикробни супстанции можат да се користат не само за превенција и третирање на инфективните заболувања кај животните, туку и како додатоци на добиточната храна за подобрување на искористувањето на храната и растот. Во период од 3 години, 259 примероци на овчо млеко беа анализирани на присуство на тетрациклини. За анализа се користеше HPLC-DAD метод, валидиран во согласност со Одлуката 2002/657/ЕС. 20 примероци беа сомнителни, од кои кај 16 беше потврдено присуството на тетрациклини.

39. Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, Arsova Gordana, Hajrulai-Musliu Zehra, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Uzunov Risto (2012) Results from monitoring the edible animal tissues for residues of some veterinary drugs. Days of veterinary medicine, 2-4 September 2012, Ohrid, R. Macedonia. Proceedings, p. 154-158.

Вкупно 635 примероци на мускул и бубрег беа анализирани на присуство на хлорамфеникол, сулфонамиди, хинолони (ELISA) и тетрациклини (HPLC-DAD), во рамките на националниот мониторинг-план. Методите беа валидирани согласно со Одлуката 2002/657/ЕС. Ниеден од испитуваните примероци не го надмина воспоставеното максимално ниво на резидуи.

40. Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Vlatko Ilieski, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Pavle Sekulovski, Velimir Stojkovski (2012) Validation methods for the determination of β agonists residues in feed. 15th International Feed Technology Symposium "Feed-to-food"/ COST Feed for Health joint workshop, 03-05 October, Novi Sad, Serbia.

Стероидите (β агонисти) и сличните на нив фармаколошки активни супстанции се користат како додатоци на добиточната храна како промотори на раст, со цел побрзо растење на животните. Целта на овој труд е да валидира ELISA-метод за определување на β-гонисти во добиточна храна во согласност со Одлуката 2002/657/EC. LOD изнесува 0,63 ng/ml. Вкупниот аналитички принос се движи во граници 71,8 – 77,2%, а CCβ изнесува 5,46 ng/ml. Вкупно 49 примероци на добиточна храна беа анализирани и ниедна од нив не го надмина максимално дозволеното ниво.

41. Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Pavle Sekulovski, Velimir Stojkovski (2012) Use of ELISA for preliminary screening of 19 Nortestosterone anabolic steroid in cattle meat in Republic of Macedonia. Kafkas Univ vet Fak Derg 19(1): 173-177.

Хормоните и на нив сличните супстанции се користат во одгледувањето на животните заради зголемување на нивната маса за релативно кратко време. За таа цел тие се користат како додатоци во добиточната храна Целта на овој труд е да се определи содржината на 19 нортестостерон во говедско месо со ELISA-метод. Просечното ниво на 19 нортестостерон изнесува 375,20 ppt. Вкупниот аналитички принос се движи во граници од 79,54 – 114,39%. Вкупно 86 примероци на говедско месо беа испитани на содржина на 19 нортестостерон и сите тие се безбедни за консумација.

42. Aleksandra Todorovic, Pavle Sekulovski, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Zehra Hajrulai-Musliu, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Risto Uzunov (2013) Bioaccumulation of ^{40}K and ^{137}Cs in mushrooms collected in different locations in Macedonia. 9th Symposium of the Croatian radiation protection association, Krk, Croatia, 10-12.04.2013. Proceedings, p.216-220

Печурките се многу важен дел од екосистемот и тие се вклучени во циркулацијата на радионуклидите во природата. Целта на овој труд е да се одреди биоакумулацијата на ^{40}K и ^{137}Cs во примероци на печурки собрани од различни делови на Македонија. Радиоактивноста е мерена со гама-спектрометар. Од добиените резултати може да се заклучи дека дистрибуцијата на овие два радионуклида не е еднаква и зависи од видот на печурката, а и од геолошките карактеристики на почвата. Ниеден испитуван примерок не ги надмина максимално дозволените концентрации.

43. **Biljana Stojanovska-Dimzoska,** Zehra Hajrulai-Musli, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Risto Uzunov, Pavle Sekulovski (2013) Occurrence of aflatoxins in peanuts and peanut products determined by liquid chromatography with fluorescence detection. Journal for natural sciences, Matica Srpska, Novi Sad, No. 124, p.27-35.

Во овој труд опишан е HPLC-FD-метод за определување на афлатоксини (AFB1, AFB2, AFG1 и AFG2) во кикирики со претходно прочистување на примероците низ имуноафинитетни колони. Методот е валидиран во

согласност со Одлуката 2002/657/ЕС и Регулативата 2006/401/ЕС. Методот е точен, прецизен и осетлив согласно со определените параметри (линеарност, LOD и LOQ, прецизност, точност и аналитички принос). Вкупно 27 примероци на кикирики и производи од кикирики беа испитани. Кај 21 од нив вредноста за афлатоксини е под LOD, а три примероци се позитивни од кои еден со екстремно висока концентрација од 289,2 μg/kg.

44. Aleksandra Todorovic, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Zehra hajrulai-Musliu, Risto Uzunov, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, (2013) Analysis of ^{226}Ra, ^{232}Th, ^{40}K and ^{137}Cs in samples of soil from some areas of Republic of Macedonia by using gamma spectrometry. Mac Vet Rev; 35 (2): 73-77.

Имајќи ја предвид важноста на дистрибуцијата и трансферот на радионуклидите во почвата, целта на овој труд е да се определи концентрацијата на ^{226}Ra, ^{232}Th, ^{40}K и ^{137}Cs во различни примероци на почва, земени од различни локалитети во Македонија. Примероците се земани на три различни длабочини: 0-5 cm, 5-10 cm и 10-15 cm. Активноста е определена со гама спектрометар. Добиени се следниве резултати: за ^{226}Ra од 20,3 – 82,9 Bq/kg, за ^{232}Th од 16,1 – 82,5 Bq/kg, за ^{40}K од 325 – 799,0 Bq/kg и за ^{137}Cs од 9,1 – 24,3 Bq/kg. Присуството на овие радионуклиди е споредено со литературните податоци и утврдено е дека нивната концентрација зависи од геолошките и географските карактеристики на теренот.

45. Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, Arsova Gordana, Hajrulai-Musliu Zehra, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Uzunov Risto, Todorovic Aleksandra, Stojkovic Goran (2013) In-house validation and quality control of commercial enzyme-linked immunosorbent assays for screening of nutrofuran metabolites in food of animal origin. Mac Vet Rev; 35 (1): 13-21.

Апликацијата на метаболитите на нитрофуранските антимикробни супстанции (AMOZ, AOZ, AHD и SEM) е забранета со европската регулатива 2003/181/ЕС. Целта на овој труд е да се валидира ELISA скрининг метод за ределување на овие метаболити во различни матрикси (црн дроб, јајца и мед), следејќи ги препораките на Одлуката 2002/657/ЕС. Методот ги задоволи барањата во поглед на перформансите (специфичност, прецизност и CCβ) и ги помина FAPAS-тестовите.

46. Zehra Hajrulai-Musliu, Risto Uzunov, Velimir Stojkovski, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Pavle Sekulovski (2013) Determination of clenbuterol in meat samples with ELISA and GC-MS method. 1st Annual International Interdisciplinary Conference, AIIC 2013, 24-26 April, Azores, Portugal, Proceedings, p. 803-810.

Целта на овој труд е да се развие скрининг (ELISA) и потврден метод (GC-MS) за определување на кленбутерол во примероци на говедско месо како дел од националниот мониторинг план. Вкупно 55 примероци на месо се

анализирани со ELISA. Од нив, 21 примерок е анализиран со GC-MS и само кај еден е потврдено присуството на кленбутерол.

47. Uzunov Risto, Hajrulai-Musliu Zehra, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Dimitrieska-Stojkovic Elizabeta, Todorovic Aleksandra, Stojkovski Velimir (2013) Validation of screening method for determination of methyltestosterone in fish. Mac Vet Rev; 36 (1): 19-23.

Целта на овој труд е да се развие ELISA-метод за определување на метилтестостерон во риба. Валидацијата на методот е извршена во согласност со Одлуката 2002/657/EC. LOD изнесува 140,95 ng/kg, додека CCβ изнесува 564,43 ng/kg. Аналитичкиот принос се движи во граници 82,4 – 97,4%, а CV 1,5 – 6,9%. Добрите перформанси на овој метод дозволуваат тој да се користи во рутинска анализа на метилтестостеронот во риба.

48. Dimitrievska-Stojkovic Elizabeta, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Hajrulai-Musliu Zehra, Ilievska Gordana, Todorovic Aleksandra, Uzunov Risto (2013) Occurrence of Patulin In Apple-Based Juices And Concentrates. The 4th International Scientific Meeting, Days of Veterinary Medicine 6-8 September 2013, Struga, R. Macedonia. Proceedings, p. 96-97.

Патулинот е токсичен секундарен метаболит продуциран од некои видови на родовите мувли како што се *Penicillium, Aspergillus* и *Byssochlamys*. Тие најчесто се развиваат на овошјето (јаболки, круши и грозје). MRL-вредноста за патулин во сок од грозје изнесува 50 μg/kg. Во овој труд, разработен е HPLC-DAD-метод за определување на патулин со претходно прочистување на примероците низ MIP-SPE-колони. Методот е валидиран и покажа добри карактеристики (линеарност, точност и прецизност). Вкупно 18 примероци на сок од јаболко и 12 концентрати од јаболко беа испитани на присуство на патулин. Во 23 примероци е детектирано и потврдено присуството на патулин, од кои 6,7% го надминаа дозволеното MRL-ниво.

49. **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Hajrulai-Musliu Zehra, Dimitrievska Stojkovic Elizabeta, Ilievska Gordana, Uzunov Risto, Todorovic Aleksandra (2013) Presense Of Total Aflatoxins In Corn Flour And Polenta. The 4th International Scientific Meeting, Days of Veterinary Medicine 6-8 September 2013, Struga, R. Macedonia. Proceedings, p. 102-103.

Афлатоксините (AFB1, AFB2, AFG1 и AFG2), како природни токсични метаболити на габите, најчесто се присутни кај житарките и нивните производи, а се јавуваат при соодветни услови на температура и влажност. Целта на овој труд е да се определи присуството на афлатоксините во примероци на пченкарно брашно и палента со помош на HPLC-FD-метод и претходно прочистување на примероците низ имуноафинитетни колони. Методот беше валидиран во согласност со Одлуката 2002/657/EC и се покажа како соодветен, точен, прецизен и линеарен. Од вкупно 35 примероци на пченкарно брашно, 13 се со вредност под LOD, а 6 примероци беа позитивни. Од

вкупно 17 примероци на палента, само еден примерок беше со вредност над MRL.

50. Uzunov Tome Risto, Hajrulai Zehra Musliu, Angelova Aleksandra, **Stojanovska-Dimzoska Biljana**, Dimitrievska-Stojkovic Elizabeta, Todorovik-Miza Aleksandra, Stojkovski Velimir (2013) Validations Of Eliza Method For Detection Of Trenbolone In Bovine Urine. The 4th International Scientific Meeting, Days of Veterinary Medicine 6-8 September 2013, Struga, R. Macedonia. Proceedings, p. 106-107.

Тренболонот, како синтетички анаболичен хормон се користи како додаток во добиточната храна како промотор на раст. Затоа во најголем број европски земји тој е забранет за употреба. Во овој труд е развиен и валидиран ELISA-метод за определување на тренболон во урина на говеда. LOD на методот изнесува 0,20 ng/ml, CCβ 1,08 ng/ml, аналитичкиот принос во граници 85 - 97,1%, а CV во граници 2,8 – 9,2%. Заради добрите карактеристики методот е соодветен и може да се користи за определување на тренболон во урина на говедо, како дел од националниот мониторинг-план.

51. Todorovic Aleksandra, Angelovski Ljupco, Dimitrievska-Stojkovic Elizabeta, Hajrulai-Musliu Zehra, Uzunov Risto, **Stojanovska-Dimzoska Biljana** (2013) Activity Of ^{137}Cs And ^{40}K In Sheep Milk. The 4th International Scientific Meeting, Days of Veterinary Medicine 6-8 September 2013, Struga, R. Macedonia. Proceedings, p. 114-115.

Со оглед на фактот дека овчото млеко е една алка од синџирот на циркулација на радионуклидите во природата, целта на овој труд е да се определи присуството на ^{137}Cs и ^{40}K во него. Вкупно беа анализирани 25 примероци на овчо млеко собрани од различни региони на Македонија. Од резултатите може да се заклучи дека ^{137}Cs е присутен во сите региони во опсег од 0,22 до 0,68 Bq/kg, а ^{40}K од 19,30 до 37,20 Bq/kg. Добиените вредности се далеку под дозволените, што значи дека нема потреба од преземање на мерки за намалување на радиоактивното зрачење.

52. **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Zehra Hajrulai-Musliu, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Risto Uzunov, Aleksandra Angeleska, Dean Jankuloski (2014) Validation procedure for determination of zearalenone in cereals implementing Commission Regulation 2006/401 and Commission Decision 2002/657/EC. International VETistanbul Group Congress April 2014, Book of Abstaracts, p. 96.

Зеараленонот е нестероиден, естроген микотоксин, продуциран од мувлите на родот *Fusarium*. Тој ги напаѓа најчесто житарките и неговото присуство е поврзано со репродуктивните пореметувања кај животните. MRL-вредностите за неговото присуство во житарките варира од 50 до 200 μg/kg. Целта на овој труд е да се изврши валидација на HPLC-FD-метод за определување на зеараленон во житарки со претходно прочистување на примероците низ имунаофинитетни колони. Валидацијата е извршена во согласност со Одлуката 2002/657/ЕС и Регулативата 2006/401/ЕС. Докажано е дека методот е

линеарен, со добар коефициент на корелација (0,9999) и добар аналитички принос (97,19 – 111,39%). RSD_r се движи од 2,46 – 11,35%, а RDS_R 1,99 и 1,17%. LOD изнесува 1,34 μg/kg, а LOD 4,06 μg/kg. Сето ова укажува на тоа дека методот е едноставен, прецизен и точен и може да се користи за рутинска анализа на зеараленон во житарките.

53. Aleksandra Angeleska, Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, **Biljana Stojanovska-Dimzoska** (2014) An evaluation of dose intensity due to natural radioactivity in the soil in the surrounding of Skopje. International VETistanbul Group Congress April 2014, Book of Abstaracts, p. 98.

Мерењето на радиоактивноста на почвата е многу важен фактор за разбирање на целиот процес на радиактивност во природата. Целта на овој труд е да се обезбеди прелиминарна евалуација за изложеноста на радијација на популацијата во околината на Скопје. Примероци беа собрани од 14 локации и беше измерена активноста на ^{226}Ra, ^{232}Th и ^{40}K. Проценката на апсорбираната доза беше пресметана математички. Забележано е дека активноста на радионуклидите не е воедначена и дека зависи од геолошките и географски карактеристики на теренот. Вкупната апсорбирана гама доза варира од 55,47 – 79,14 nGy/h. Како заклучок може да се каже дека вкупната доза на радиоактивност ја прати нормална дистрибуција.

54. Zehra Hajruali-Musliu, Risto Uzunov, Aleksandra Angeleska, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Velimir Stojkovski (2014) Determination of fatty acid in asparagus with gas chromatography. International VETistanbul Group Congress April 2014, Book of Abstaracts, p. 106.

Аспарагусот е добар извор на незаситени масни киселини (линолна и линоленска киселина) кои се прекурзори на EPA и DHA. Целта на овој труд е да се определи маснокиселинскиот состав на аспарагусот со примена на GC-FID метод. Најмногу има линолна киселина (25,620%), потоа α-линоленска киселина (8,840%). Омега-3, омега-6 односот изнесува 3,19. Исто така присутни се полинезаситените киселини и тоа повеќе од мононезаситените, а од заситените масни киселини најмногу е присутна палмитинската киселина (24,324%).

55. Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, Aleksandra Todorovic, Velimir Stojkovski (2014) Detection of methytestosteron with ELISA method in fish. International scientific workshop "Influence of active mines on freshwater ecosystems" May 12-16, 2014, Rudzer Boskovic Institute, Zagreb, Croatia.

Употребата на синтетички хормони и супстанции кои се фармаколошки слични на нив се забранети за употреба во земјите на ЕУ, заради нивната злоупотреба како промотори на раст. Целта на овој труд е да се определи содржината на метилтестостерон во риба со ELISA-метод. Вкупно 45 примероци на риба *Salmo truta fario* беа испитани како дел од националниот

мониторинг план. Валидацијата на методот е извршена во согласност со Одлуката 2002/657/EC. LOD изнесува 0,14 μg/kg, додека CCβ изнесува 0,56 μg/kg. Аналитичкиот принос се движи од 82,4 до 97,4%, а CV од 0,2 до 11,5%. Сите анализирани примероци беа со вредност за метилтестостерон под CCβ.

56. Zehra Hajrulai-Musliu, Risto Uzunov, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovic, **Biljana Stojanovska-Dimzoska**, Aleksandra Todorovic, Velimir Stojkovski (2014) Fatty acid composition in some river fish species in Republic of Macedonia. International scientific workshop "Influence of active mines on freshwater ecosystems" May 12-16, 2014, Rudzer Boskovic Institute, Zagreb, Croatia.

Рибите се добар извор на незаситени масни киселини, посебно омега-3 и омега-6. Човечкиот организам не е во состојба да ги синтетизира EPA и DHA и затоа треба да ги внесува преку исхраната. Целта на овој труд беше да се определи маснокиселинскиот состав на некои видови риби. Вкупно беа испитани 11 примероци на *Barbus barbus*, 10 примероци на *Chondrosotoma nasus* и 11 примероци на *Salmo truta fario*. Примероците беа земени од реката Вардар и беа анализирани со GC-FID метод. Мононезаситените масни киселини беа најчесто присутни во рибите (37,80 – 43,07%), потоа полинезаситените (22,85 – 43,07%). Највисока содржина на DHA има во Barbus barbus (10,07%), а содржината на EPA е во граници 0,2 -0,44%.

57. Aleksandra Todorovik, Risto Uzunov, Zehra Hajrulai-Musliu, Elizabeta Dimitrieska-Stojkovik, **Biljana Stojanovska-Dimzoska** (2014) Natural radionuclides in soil sample in the surrounding of the city of Skopje, Macedonia. Second International Conference on Radiation and Dosimetry in Various Fields of Research, May 27-30, Nis, Serbia. Book of abstracts, p.432.

Почвата се однесува како природен извор на радиоактивност преку која низ синџирот на исхрана може да влијае на здравјето на луѓето и животните. Целта на овој труд е да се определи активноста на ^{226}Ra, ^{232}Th и ^{40}K. Примероци од почва (некултивирана) беа собрани од 14 локации во околината на Скопје (во период мај-јуни 2013 година) и беше измерена нивната активност со гама-спектрометар. Добиените вредност за активноста на овие радионуклиди се во согласност со оние на глобално ниво, што укажува на фактот дека во овој момент нема опасност од поголемо радиоактивно зрачење.

